**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

Наш број: 09-8452/1
04-07-2025
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), Секретарот на Град Скопје донесе

**О Д Л У К А**

за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр.03/2025 за пополнување на работно место со унапредување, за извршител на работното место Виш соработник за координација на активностите на градоначалникот, шифра УПР0101В0200, на ниво В2, Одделение за координација на активностите на градоначалникот, Сектор за поддршка на градоначалникот, се избира кандидатот **Стевче Јанкулоски**.
2.Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 24.06.2025 година на интернет страната на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.03/2025 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Секретарот на Град Скопје бр.09-7894/6 од 03.07.2025 година, ја спроведе административната селекција и по спроведеното интервју од Комисијата за селекција за унапредување, изготви финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место Виш соработник за координација на активностите на градоначалникот, шифра УПР0101В0200, на ниво В2, Одделение за координација на активностите на градоначалникот, Сектор за поддршка на градоначалникот, предложи да се избере кандидатот Стевче Јанкулоски.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на приемот.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Архивата.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ QYTETI I SHKUPIT-SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**Град Скопје**
**Секретар**

**Зоран Глигоров**